

Концептуализација на управувањето со финансирање за адаптација на климатските промени

Дизајн на Индекс за управување со климатското финансирање

Октомври , 2026

Ко-финансирано од Европска Унија

Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија

Грант договор

“Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата”

Договор бр. 2025/488-600

Генерални информации

Број на грант:	2025/488-600
Спроведувач на проектот:	Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје
Вид на проект:	Грант „ЕУ за владеење на правото“ (ИПА 2021) / Grant EU for Rule of Law (IPA 2021))
Програма	EuropeAid/183031/DD/ACT/MK
Наслов:	Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата
краток наслов:	Климатски финансии
Датум на почеток на проектот:	3/12/2025
Датум на завршување на проектот:	02/06/2028
Линк:	(доколку е применливо)

Цел и опсег на документот

Целта на овој документ е да воспостави стандардизиран систем за мониторинг и оценка на климатското финансирање на локално ниво во Северна Македонија. Механизмот обезбедува конзистентно следење на ефектите од средствата за потребите на јавните политики и донаторите, со силен акцент на независниот граѓански надзор и намалувањето на корупциските ризици.

Опсегот на документот е поврзување на практичната рамка на јавните финансии (планирање, пристап, испорака и следење) со петте столбови на добро управување: транспарентност, отчетност, учество, интегритет и кохерентност.

Рамката се заснова на меѓународни стандарди прилагодени за македонскиот контекст, со акцент на европските принципи за праведна транзиција. Оваа рамка може да послужи како стратешки патоказ за подобрување на отчетноста и транспарентноста во сите фази на управување со климатските финансии, со цел градење долгорочна социо-економска отпорност особено кај ранливите категории на граѓани.

На оперативно ниво, документот дефинира мерливи индикатори (скала 1–5), го воведува композитниот Индекс за управување со климатско финансирање (*CFGI*), ги прецизира институционалните улоги (МФ, МЖСПП, ЕЛС и ДЗР) и воспоставува систем за редовно известување преку јавна дигитална семафор табла.

Процесот на подготовка се заснова на партиципативен модел и заедничко креирање со клучните чинители — претставници на централната и локалната власт, граѓанските организации и други. Рамката интегрира теоретски согледувања, резултати од анкета за перцепцијата на чинителите, како и меѓународни добри практики за зелено и одговорно управување.

Кратка содржина

Извршно резиме 5
Позадина 7
Теоретска основа на управувањето со финансирање за адаптација кон климатските промени 8
Подготовка на методологија за систем за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво 13
Преглед на меѓународни рамки и добри практики за управување со финансирање за адаптација кон климатските промени 13
Синтетизиран преглед на добри практики и препораки 15
Образложение на предложената рамка: од наодите на проектот кон индексот CFGI 18
Развој на индикатори за компонентите на финансирање и критериумите за управување 26
Оперативна рамка на индикатори за следење на финансирање за адаптација кон климатските промени 29
Предлог индикатори и CFGI индекс за систем за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво 33
CFGI индекс за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво како рано предупредување од ризици од корупција 38
Листа на референци 39

Извршно резиме

Овој документ воспоставува интегриран и стандардизиран систем за мониторинг, следење и оценка на климатското финансирање на локално ниво во Северна Македонија, со посебен фокус на улогата на општините и локалните граѓански организации. Главната цел е да се обезбеди конзистентен, споредлив и кредибилен механизам за следење на користењето и ефектите од климатските финансиски средства, кој ќе биде применлив и за креирање на јавни политики и за донаторско известување.

Во неговата основа, документот развива теоретска и практична рамка која го поврзува управувањето со климатското финансирање со принципите на добро управување (транспарентност, отчетност, учество, интегритет и кохерентност), циклусот на јавни финансии (планирање, пристап, имплементација и следење) и меѓународните стандарди и практики (UNFCCC, OECD, GCF, Adaptation Fund, IPCC). Дополнително, рамката ја интегрира и европската перспектива преку принципите на праведна транзиција и „*no one is left behind*“, со посебен акцент на ранливите групи и локалните заедници.

Клучна додадена вредност на пристапот е планираното системското вклучување на граѓанскиот сектор преку локалните невладини организации како независни актери во мониторингот на климатското финансирање. Преку обуки и менторска поддршка од Центарот за економски анализи (ЦЕА), тие ќе користат унифицирана методологија заснована на индикатори, скали за оценување и извори на податоци. Ова придонесува за зајакнување на граѓанскиот надзор, намалување на ризиците од корупција и зголемување на довербата меѓу институциите, граѓаните и донаторите.

Документот дополнително воспоставува оперативна рамка со јасно дефинирани индикатори за четири функционални фази на финансирање (планирање, пристап до средства, испорака и следење) и пет столбови на добро управување. За секоја област се дефинирани мерливи индикатори, извори на податоци и унифицирана скала за оценување (1–5), што овозможува рангирање на општините и следење на напредокот низ даден временски период.

На оперативно ниво, се предлага воспоставување на интегриран индекс за управување со климатско финансирање (Climate Finance Governance Index-CFGI), кој ги синтетизира перформансите на општините во една композитна мерка. Дополнително, се дефинира институционална поставеност за имплементација, со јасни улоги за Министерството за финансии, Министерството за животна средина, општините и Државниот завод за ревизија, како и систем за редовно известување преку квартални и годишни извештаи и јавна дигитална табла (dashboard).

Во поширок контекст, документот се базира на анализа на водечките меѓународни рамки и добри практики, при што се идентификуваат применливи елементи за Северна Македонија и Западен Балкан, особено во однос на

климатското буџетско означување, МИВ (MRV[1]) системите, директниот пристап до средства и локалното управување со климатски ризици.

Сумирано, овој пристап претставува сеопфатна методолошка институционална рамка за унапредување на управувањето со климатското финансирање на локално ниво, со цел зголемена ефикасност, транспарентност и инклузивност, како и подобро усогласување со националните и меѓународните климатски обврски.

[1] Measurement, Reporting and Verification - MRV, превод на македонски Мерење, Известување и Верификација - МИВ

Позадина

Овој документ воспоставува практичен и стандардизиран систем за мониторинг и следење, кој ќе биде користен како основа за градење капацитети на локалните невладини организации. Преку структурирани обуки и менторска поддршка, Центар за економски анализи (ЦЕА) ќе им овозможи на овие организации да применуваат унифицирана методологија за оценка на климатското финансирање во општините, базирана на интегриран индекс за управување со климатско финансирање (CFGI). На овој начин се обезбедува конзистентност, споредливост и кредибилност на резултатите, што е од клучно значење за нивна употреба во процесите на донесување политики и донаторско известување.

Дополнително, овој пристап придонесува кон институционализација на граѓанскиот мониторинг како комплементарен механизам на формалните системи за контрола и ревизија. Преку поврзување на наодите од мониторингот со националните стратегии и планотви (како НДП/NAP и НД/NDC[2]), општинските плански документи и релевантните меѓународни стандарди (вклучително и принципите на транспарентност, интегритет и принципот дека никој не треба да биде изоставен во праведната зелена транзиција т.е., „*no one is left behind*“), се создава основа за поинформирано, инклузивно и одговорно управување со климатското финансирање. На долг рок, ова ќе придонесе не само за намалување на корупциските ризици, туку и за зајакнување на довербата помеѓу институциите, граѓаните и донаторите.

Предложениот нацрт пристап од страна на ЦЕА беше валидиран од стана на чинители за време на валидирачките сесии.

[2] Националните стратегии како што се Националниот план за адаптација (НАП) и Национално утврдените придонеси (НДЦ)

Теоретска основа на управувањето со финансирање за адаптација кон климатските промени

1. Дефиниција и значење

Управувањето со финансирање за адаптација кон климатските промени се однесува на систематскиот процес на планирање, распределба, имплементација и следење на финансиски ресурси со цел да се намалат ризиците од климатските промени и да се подобри отпорноста, особено кај ранливите заедници. Главната цел е да се обезбеди дека средствата се користат ефективно, транспарентно и инклузивно, во согласност со националните политики и меѓународните стандарди.

Во овој контекст, управувањето со климатското финансирање треба да биде усогласено и со принципите на **праведна зелена транзиција (just green transition)** на Европската Унија, која претставува клучен столб на Европскиот зелен договор. Овој пристап има за цел да обезбеди дека транзицијата кон ниско-јаглеродна и климатски отпорна економија се спроведува на фер и инклузивен начин, со посебен фокус на регионите, секторите и заедниците кои се најмногу изложени на негативните социо-економски последици.

Принципот „**никој да не биде изоставен**“ е централна компонента на овој пристап и подразбира:

- таргетирање на најранливите групи (социјално, економски и географски);
- правична распределба на трошоците и придобивките од транзицијата;
- активно вклучување на локалните заедници во процесите на одлучување;
- обезбедување пристап до финансии, капацитети и можности за адаптација.

Ова е особено релевантно за Северна Македонија, каде што **просторно базираните политики** *(place-based policies)* се сè уште недоволно развиени, што резултира со нерамномерна распределба на инвестиции, ограничена способност на општините да апсорбираат средства и недоволно адресирање на локалните специфики на климатските ризици. Во таков контекст, интеграцијата на принципите на праведна транзиција во системите за управување со јавни финансии на локално ниво е клучна за:

- подобро таргетирање на инвестициите;
- намалување на регионалните нееднаквости;
- зголемување на ефективноста на климатското финансирање.

Дополнително, управувањето со климатското финансирање треба да биде усогласено со релевантните **национални политики и стратегии**, вклучувајќи:

- Националниот план за адаптација (НАП/NAP);
- Национално определениот/утврден придонес (НП/NDC) кон Парискиот договор;
- Стратегијата за енергетика до 2040;
- Стратегијата за климатски промени до 2050;

- Програмите за заштита на животната средина на локално ниво;
- Буџетските и фискалните рамки (среднорочни буџетски рамки, програмско буџетирање).

Истовремено, рамката треба да биде усогласена со **меѓународните стандарди и практики**, како што се:

- Парискиот договор (UNFCCC);
- Зелениот климатски фонд (GCF) и неговите доверителски и инвестициски (fiduciary и investment) критериуми;
- PEFA Климатската Рамка (PEFA Climate Framework);
- OECD принципите за управување со јавни инвестиции;
- EU Acquis во областа на животна средина и климатска политика;
- Европскиот зелен договор и инструментите како Just Transition Mechanism.

Во оваа смисла, воспоставувањето на интегриран систем за управување со климатско финансирање кој ги комбинира принципите на **ефикасност, транспарентност, интегритет и инклузивност** претставува клучен предуслов за успешна и правична климатска адаптација. Овој систем треба да обезбеди не само финансиска дисциплина, туку и **реална трансформација на локално ниво**, преку подобрена отпорност, намалени ризици и порамномерни развојни резултати.

За потребите на овој проект е од особена важност систематско вклучување на локалните граѓански организации како клучни актери во следењето на климатското финансирање на локално ниво. Нивната улога е суштинска за зајакнување на транспарентноста, отчетноста и јавниот надзор, особено во контекст каде институционалните капацитети се ограничени, а ризиците од корупција се зголемени. Вклучувањето на граѓанскиот сектор овозможува независна проверка на буџетските процеси, следење на реализацијата на проектите и навремено идентификување на потенцијални неправилности или неефикасности во користењето на средствата.

2. Основни теоретски концепти и принципи

1. Финансиска компонента во управување со климатско финансирање

Теоретската основа на финансиската компонента произлегува од **јавните финансии, теоријата на буџетски циклус и управување базирано на резултати**. Во контекст на климатско финансирање, финансискиот систем се третира како **затворен управувачки циклус** кој опфаќа четири меѓусебно поврзани фази:

- **Планирање** – алокација на ресурси врз основа на климатски приоритети, ризици и развојни цели.
- **Пристап** – мобилизација на средства од национални, донаторски и меѓународни извори.
- **Имплементација** – реализација на проекти и мерки преку јавни институции или партнери.

- **Следење** – континуирано собирање и анализа на податоци за користење и мерење на ефектите од трошењето на средствата.

Овој пристап е заснован на концептот дека **јавните финансии мора да бидат управувани преку циклус на повратна информација**, каде секоја фаза влијае на следната. Во рамки на оваа теорија, примената на **индикатори за перформанси** произлегува од New Public Management (NPM) и Performance-Based Budgeting, каде финансиските ресурси се поврзуваат со:

- **Ефективност** (дали се постигнуваат целите),
- **Ефикасност** (однос трошок–резултат),
- **Влијание** (impact) (долгорочни општествени и климатски ефекти).

2. Принципи на добро управување (Good Governance)

Концептот на добро управување се базира на развојните теории на **UNDP, World Bank governance framework и OECD принципите**. Овие принципи се сметаат за клучни предуслови за легитимност, доверба и ефективност на јавните финансии.

Транспарентност - Теоретски произлегува од принципот на намалување на асиметричните информации во економијата и јавната администрација. Транспарентноста ја намалува асиметријата меѓу институциите и јавноста, овозможувајќи:

- подобар надзор,
- намален ризик од злоупотреба,
- поголема ефикасност на ресурсите.

Отчетност - Се темели на теоријата на **principal–agent model**, каде граѓаните (principal) ги делегираат ресурсите на институциите (agent). Отчетноста обезбедува механизми за:

- контрола,
- санкционирање,
- корекција на однесување.

Учество - Потекнува од теоријата на консултативно дебатно управување и концептот на партиципативен развој. Вклучувањето на засегнати страни:

- ја зголемува легитимноста на одлуките,
- подобрува дизајн на политики,
- ја намалува веројатноста за неусогласеност со локални потреби.

Интегритет - Се поврзува со теоријата на рамка за управување за анти-корупција. Интегритетот е системска карактеристика што ја намалува корупцијата преку:

- правила и процедури,
- етички кодекси,
- институционални контроли.

Кохерентност - Произлегува од теоријата на политики за кохерентен развој **(OECD)**. Таа подразбира вертикална и хоризонтална усогласеност меѓу:

- национални и локални политики,
- секторски стратегии,
- меѓународни климатски рамки.

3. Меѓународни стандарди и пракса

Теоретската основа овде е во рамки на **глобално управување на животната средина** и **архитектура на климатско финансирање** која се развива преку UNFCCC системот и финансиските механизми како GCF и Adaptation Fund.

Рамки (UNFCCC, OECD, GCF, AF, IPCC)
Овие институции поставуваат:

- стандарди за **следење, известување и верификација (МИВ)**,
- критериуми за **климатска релевантност**,
- принципи за **финансиска транспарентност и инклузивност**.

Особено значаен е пристапот на IPCC кој ја поврзува климатската акција со научно базирани сценарија и ризик-анализа.

МИВ/MRV системи (Monitoring, Reporting, Verification/ следење, известување и верификација)
МИВ системите се базираат на теоријата на политики кои се базираат на докази и претставуваат оперативен механизам за:

- **следење** – континуирано собирање податоци,
- **известување** – структурирано известување,
- **верификација** – независна проверка на резултати.

Овој систем обезбедува **институционална доверба и споредливост на податоци**, што е клучно за меѓународно климатско финансирање.

Овие три групи концепти заедно формираат **интегриран аналитички модел за следење на климатско финансирање**, кој комбинира:

- економија на јавни финансии (ефикасност и алокација),
- теорија на добро управување (легитимност и институции),
- глобално климатско управување (МИВ и меѓународни стандарди).

Во суштина, моделот претпоставува дека **ефективното климатско финансирање на локално ниво не зависи само од обемот на средства, туку од квалитетот на општинските институции и системите за следење кои (треба да) ги имаат**.

Сумарно:

1. **Финансиска компонента**
    - Управувањето ги опфаќа сите фази на финансиските текови: планирање, пристап, имплементација и следење.

1. **Планирање:**
    - Вклучува стратешко планирање, идентификација на приоритети и дефинирање на финансиски потреби.
2. **Пристап до средства:**
    - Вклучува механизми за распределба на средства, критериуми за одобрување и акредитација на институции.
3. **Испорака:**
    - Обезбедува ефективна имплементација на проектите, координација и користење на средствата согласно плановите.
4. **Следење:**
    - Обезбедува континуирано следење на финансиските текови и резултатите од проектите, со индикатори и ревизии.

2. **Принципи на добро управување**
    - **Транспарентност:** јавна достапност на информации за финансиските текови, планови и резултати.
    - **Отчетност:** институциите се одговорни за распределбата и користењето на средствата.
    - **Учествување:** вклучување на засегнати страни, вклучително локални заедници, граѓански организации и бизнис сектор.
    - **Интегритет:** усогласеност со етички и правни стандарди, спречување на корупција и злоупотреба.
    - **Кохерентност:** усогласеност на националните и локалните политики со меѓународни стратегии и финансиски механизми.
3. **Меѓународни стандарди и пракса**
    - Рамки и стандарди од **UNFCCC, OECD, GCF, Adaptation Fund (AF) и IPCC** обезбедуваат глобални препораки за управување, критериуми за финансиска ефикасност, транспарентност, отчетност и инклузивност.
    - Добри практики се применуваат преку МИВ системи кои обезбедуваат редовно следење и известување.

Подготовка на методологија за систем за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво

Во овој документ воспоставуваме практичен и стандардизиран систем за мониторинг и следење, *кој ќе биде користен како основа за градење капацитети на локалните невладини организации за оценка на климатското финансирање во општините,* базирана на јасно дефинирани индикатори, скали за оценување и извори на податоци.

На овој начин се обезбедува конзистентност, споредливост и кредибилност на резултатите, што е од клучно значење за нивна употреба во процесите на донесување политики и донаторско известување. За оваа цел прво се консултираме со релевантни меѓународни рамки, стандарди и добри практики поврзани со управувањето со финансирање за адаптација кон климатските промени, со цел да се обезбеди цврста основа за развој на национално и локално прилагодена рамка во Северна Македонија.

Преглед на меѓународни рамки и добри практики за управување со финансирање за адаптација кон климатските промени

Овој дел дава продлабочена анализа на водечките меѓународни рамки и стандарди, со фокус на нивните пристапи кон управување, институционални решенија и оперативни механизми. Анализата има за цел да идентификува применливи елементи за контекстот на Северна Македонија и поширокиот регион на Западен Балкан.

1. OECD[3]

OECD развива аналитички и оперативни рамки за интеграција на климатското финансирање во јавните финансии, со силен акцент на транспарентност, буџетска одговорност и следење на финансиските текови. Нивните пристапи се базираат на концептот на означување на климатски буџети - „*climate budget tagging*“ и на системи за следење на климатски финансии, кои овозможуваат јасна идентификација на средствата наменети за адаптација и нивната ефикасност.

Покрај тоа, OECD нагласува дека ефективното управување со климатско финансирање бара интеграција во националните буџетски системи и поврзување со јавните политики. Посебен фокус се става на развој на индикатори за мерење на влијанието и на воспоставување на МИВ системи за финансии, што придонесува за подобрена отчетност и доверба кај донаторите и јавноста.

2. UNFCCC[4]

[3] Види повеќе овде: https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2014/11/the-role-of-the-2015-agreement-in-mobilising-climate-finance_g17a267c/5js03h9ztlbr-en.pdf.
[4] Види повеќе овде: https://www.greenclimate.fund/about/governance.

UNFCCC претставува централна нормативна рамка за глобалното климатско управување, поставувајќи принципи како „заедничка, но диференцирана одговорност“ и воспоставувајќи механизми за финансирање, известување и следење. Клучен инструмент е МИВ системот, кој обезбедува транспарентност и споредливост на податоците за климатско финансирање и активности.

Во рамките на UNFCCC, климатското финансирање е организирано преку финансиски механизми и фондови, со јасно дефинирани правила за распределба, приоритети и известување. Овој систем создава основа за отчетност и меѓународна координација, но истовремено остава простор за прилагодување на националните контексти, што е особено релевантно за земји со ограничени капацитети .

3. GFDRR[5]

GFDRR промовира интегриран пристап кон управување со климатски ризици, со фокус на поврзување на адаптацијата со управување со ризици од катастрофи. Нивниот модел нагласува децентрализација и улога на локалните власти, што е клучно за ефективна имплементација на адаптациски мерки.

Во практиката, GFDRR користи алатки како проценки на ранливост, ризик-мапирање и интеграција на климатските ризици во локалното планирање. Овој пристап е особено применлив за Западен Балкан, каде локалните институции имаат клучна улога, но често се соочуваат со ограничени капацитети.

4. IPCC[6]

IPCC не обезбедува директни оперативни стандарди, но дава научна основа за донесување одлуки и дефинирање на политики. Нивните извештаи нагласуваат дека управувањето е клучен овозможувачки фактор за ефективна адаптација, особено кога е инклузивно и контекстуално прилагодено.

Анализите на IPCC покажуваат дека успешната адаптација бара мулти-ниво на управување (локално, национално и меѓународно), силна координација и интеграција на различни актери (јавен сектор, приватен сектор и заедници). Дополнително, се истакнува важноста на системите за мониторинг и евалуација како алатки за следење на напредокот и избегнување на несоодветна адаптација - „*maladaptation*“ .

5. Adaptation Fund[7]

Adaptation Fund претставува еден од првите оперативни механизми за финансирање на адаптација, со специфичен фокус на директен пристап (direct access), кој им овозможува на земјите да пристапат до средства преку

[5] Види повеќе овде: https://www.gfdrr.org/en.
[6] Види повеќе овде: https://www.ipcc.ch/report/ar6/wg2/chapter/chapter-17/.
[7] Види повеќе овде: https://www.adaptation-fund.org/.

национални институции. Овој модел значително ја зајакнува националната сопственост и институционалните капацитети.

Фондот има развиено јасни оперативни политики и критериуми за финансирање, кои вклучуваат климатска релевантност, ефективност и одржливост. Дополнително, воспоставени се механизми за отчетност и мониторинг, кои обезбедуваат транспарентност во користењето на средствата и резултатите од проектите.

6. Green Climate Fund[8]

GCF претставува најголемиот мултилатерален фонд за климатско финансирање и има комплексна структура на управување базирана на одбор со еднаква застапеност на развиени и земји во развој. Фондот функционира под водство на UNFCCC и е клучен инструмент за мобилизација на средства за адаптација и ублажување на климатските промени.

Во однос на управувањето, GCF се води од принципи како транспарентност, отчетност, „country ownership“ и инклузивност. Фондот користи напредни алатки како рамки за управување со ризици, системи за мониторинг и евалуација, како и структури за акредитација на институции. Овие механизми овозможуваат висок степен на контрола и ефективност, но истовремено бараат значителни институционални капацитети .

Компаративна анализа и применливост

Компаративната анализа покажува дека сите разгледани рамки делат заеднички принципи, но се разликуваат во нивото на комплексност и институционални барања. OECD и UNFCCC обезбедуваат системски и нормативни рамки, додека GCF и Adaptation Fund нудат оперативни модели. IPCC обезбедува научна основа, а GFDRR практични алатки за локална имплементација.

Оттука, за земјите од Западен Балкан, најефективни би биле пристапите кои комбинираат:

- јасни, но поедноставени процедури,
- постепено градење на капацитети и
- силна улога на локалните власти.

Особено релевантен е моделот на директен пристап (Adaptation Fund) и принципот на „country ownership“ (GCF), кои овозможуваат прилагодување на националните системи без прекумерна зависност од надворешни актери.

Синтетизиран преглед на добри практики и препораки

[8] Види повеќе овде: https://www.greenclimate.fund/about/governance.

Врз основа на анализата, може да се идентификуваат следните клучни добри практики за Северна Македонија и за општините во Северна Македонија:

- **Интеграција во јавните финансии**. Климатското финансирање треба да биде дел од буџетските системи, со јасно означување и следење на средствата.
- **Јасни институционални улоги**. Потребно е воспоставување на координативно тело и јасна распределба на надлежности помеѓу централно и локално ниво.
- **Стандарди за транспарентност и отчетност**. Воведување на МИВ системи, јавни регистри и редовни извештаи.
- **Вклучување на засегнати страни**. Формализирани механизми за консултации и учество, особено на локално ниво.
- **Флексибилни и фазни пристапи**. Имплементација преку пилотирање на општини и постепено проширување кон останатите општини.
- **Фокус на ранливи групи и локални потреби**. Приоритизација на инвестиции со висок социјален и адаптациски ефект за никој да не биде изоставен.

Овој синтетизиран пристап обезбедува практична и применлива основа за дефинирање на принципите, индикаторите и структурните елементи на Рамката за управување со финансирање за адаптација кон климатските промени, прилагодена на институционалниот контекст на Северна Македонија.

Табела 1 Приказ за имплементација и применливост во Северна Македонија

Институција / Фонд	Конкретен инструмент / механизам	Како се применува (или може да се примени) во Северна Македонија	Примена во Западен Балкан
OECD	Climate Budget Tagging; MRV системи за климатски финансии	Може да се воведе означување на климатски средства во државниот и локалните буџети за јасно следење на адаптациски инвестиции; Развој на индикатори за трошоци/корист.	Слични пристапи се дискутирани за регионот преку WBIF климатски ознаки и ЕУ климатско означување на проекти, особено во Албанија, Србија и Црна Гора во рамките на интеграција со ЕУ стандарди[9].
UNFCCC	Национални адаптациски планови (NAP); MRV системи; известување на NDCs	Северна Македонија развива НАП со поддршка од GCF/UNDP, вклучувајќи MRV за адаптација и транспарентност на процесот[10].	Слични процеси на развој на NAP/годишно известување ги имаат и Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора во согласност со обврските

[9] Види повеќе овде: https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/eu-budget/performance-and-reporting/programme-performance-statements/reform-and-growth-facility-western-balkans_en.
[10] Види повеќе овде: https://www.adaptation-undp.org/projects/improving-resilience-republic-north-macedonia-integrating-adaptation-planning-processes.

			под UNFCCC. (регионален контекст)[11]
GFDRR	Ризик-базирано планирање, проценки на ранливост, алатки за локални власти	Може да се користат проценки на ризик и ранливост за да се приоретизираат адаптациски инвестиции на локално ниво; да се вклучат општини и заедници во процесите на планирање.	Програми и поддршка за климатска адаптација преку GFDRR се спроведуваат/поддржани преку регионални UNDP/ГИЗ иницијативи во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Северна Македонија[12].
IPCC	Научни извештаи за климатски ризик и адаптација; модели и сценарија	Северна Македонија може да ги користи најновите научни процени за прилагодување на сценарија, ризици и индикатори за адаптација.	Сите земји од Западен Балкан користат IPCC научни извештаи како основа за NDC/NAP и политички документи – ова е универзално и не е ограничено на една земја.[13]
Adaptation Fund	Direct Access (директен пристап)	Иако Северна Македонија не е официјално акредитирана на AF, поддршка од AF веќе е планирана преку регионални проекти (Balkan Climate Adaptation Futures) во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Северна Македонија[14].	Проектот Balkan Climate Adaptation Futures обезбедува финансирање за адаптациски иновации и имплементација на локално ниво во 4 земји на Западен Балкан[15].
Green Climate Fund (GCF)	Акредитација на национални ентитети; Readiness / Project Funding	Прилагодливо за РСМ преку акредитација на национални или локални институции; воведување на стандарди за управување со ризици и процедури за отчетност; интеграција со националните стратегии и NDCs.	Проекти во рамките на фондот[16].

[11] Види повеќе овде: https://www.worldbank.org/en/region/eca/publication/western-balkans-6-ccdr.
[12] Види повеќе овде: https://www.adaptation-undp.org/projects/balkan-climate-adaptation-futures-regional-innovation-initiative-resilience.
[13] Види повеќе овде: https://www.ipcc.ch/report/ar6/wg2/chapter/chapter-13/.
[14] Види повеќе овде: https://www.adaptation-fund.org/project/balkan-climate-adaptation-futures-a-regional-innovation-initiative-for-resilience/.
[15] Ibid.
[16] Види повеќе овде: https://www.greenclimate.fund/countries.

Образложение на предложената рамка: од наодите на проектот кон индексот CFGI

Предложената рамка за мониторинг и индексот за управување со климатското финансирање (CFGI) не произлегуваат само од меѓународната литература и добрите практики прикажани погоре. Тие се одговор на конкретни слабости кои проектот ги измери на терен во деветте пилот општини, преку три претходно спроведени и меѓусебно комплементарни анализи. Секоја од нив го гледа истиот систем од различна позиција, а нивните наоди упатуваат кон ист заклучок: проблемот не е отсуство на правила, туку отсуство на систематско, видливо и проверливо следење на климатските средства низ целиот буџетски циклус.

- **Мапирање на практиките за управување со јавните финансии (УЈФ) и климатското финансирање во деветте пилот општини (мај 2026)** – преглед на буџетски и стратешки документи, прашалници и интервјуа со општинската администрација, проценка на корупциските ризици според Водичот за проценка на антикорупциски ризици на UNGP (2013) и оценка според адаптираната PEFA климатска рамка. Ова е институционалната страна на системот – она што општините имаат или немаат воспоставено.
- **Истражување на јавното мислење во деветте општини (август 2026)**, заедно со дополнителниот извештај со шест композитни индекси (свесност, транспарентност, отчетност, партиципација, интегритет/ризик од корупција и доверба). Ова е страната на граѓаните – оние во чие име се троши и кои треба да вршат надзор.
- **Анкета со локални претпријатија од истите општини (септември 2026)** – нивото на познавање, пристапот до општинските зелени набавки, перцепцијата за транспарентност и ризик, довербата и учеството. Ова е пазарната страна – економските оператори преку кои климатските средства всушност се трошат.

Комбинирањето на трите извори (триангулација) е и прв аргумент за предложениот пристап: ниту еден од нив поединечно не дава целосна слика, но заедно покажуваат каде системот има недостатоци, и кој тоа го гледа или следи а кој не. Во продолжение, секој клучен елемент на рамката е образложен со конкретни наоди. Наодите од мапирањето се прикажани збирно и без наведување поединечни општини, бидејќи тој извештај не е јавен документ.

1. Слабости во секоја фаза на буџетскиот циклус – зошто рамката е поставена по четири фази

Мапирањето покажа дека слабостите не се концентрирани во една точка, туку се распоредени низ целиот циклус на климатското финансирање. Оценката според адаптираната PEFA климатска рамка покажува висок степен на хомогеност на ниски оценки: кај речиси сите индикатори и во сите девет општини доминираат оценки D и D+, што укажува на структурен, а не на изолиран недостаток. Тоа значи дека е потребен стандардизиран систем кој ќе биде применлив и споредлив меѓу различни општини, а не решенија скроени за поединечни случаи.

- **Планирање.** Врската меѓу стратешките документи и годишните буџети е делумна, декларативна или индиректна – седум од деветте општини добиваат D за усогласеноста на буџетот со климатските стратегии (CRPFM-1), а сите девет добиваат D за климатски сензитивен буџетски циркулар (CRPFM-3). Кај дел од општините ЛЕАП е застарен или не постои, а климатските расходи се планираат реактивно (по природна непогода) или само кога постои конкретна донаторска можност.
- **Пристап до средства.** Мапирањето бележи висока зависност од капитални дотации од централната власт и од донатори, со непредвидлива динамика. Дел од проектите се реализираат преку министерства или меѓународни организации и воопшто не се видливи во општинскиот буџет.
- **Испорака.** Иако агрегатното буџетско извршување е релативно стабилно, на ниво на поединечни програми постојат значајни отстапувања, особено кај капиталните инвестиции за животна средина. Чести ребаланси (кај некои општини по два до три пати годишно) овозможуваат пренамена на средствата за животна средина кон тековни расходи. Зелените критериуми во јавните набавки се речиси непостоечки (CRPFM-8 е D во сите општини), а доминира критериумот најниска цена.
- **Следење.** Ниту една општина нема систем за означување и следење на климатските расходи (CRPFM-2 е D насекаде). Советите добиваат квартални и годишни табеларни извештаи без наратив за постигнатите климатски ефекти, внатрешната ревизија е фокусирана на законска усогласеност, а не на ефекти, а Државниот завод за ревизија не ја ревидира секоја општина секоја година.

Оттука, рамката која ги следи четирите фази – планирање, пристап, испорака и следење – не е теоретски избор, туку директно ја пресликува структурата на измерените слабости. Збирен индикатор што не ги разликува фазите би ја прикрил информацијата која е најважна за општината и за граѓанското следење: каде точно во циклусот се губи трагата на средствата.

2. Доброто управување е мерлива и кохерентна целина – зошто пет хоризонтални столбови

Истражувањето на јавното мислење ја потврдува логиката на хоризонталните управувачки димензии. Пондерираните национални вредности на композитните индекси (скала 0–100) се: свесност 52,1, транспарентност 35,7, отчетност 32,1, партиципација 16,2, доверба 38,0 и ризик од корупција 72,5 (каде повисоко значи полошо). Граѓаните, го препознаваат поимот подобро отколку што веруваат дека тој одговорно се спроведува.

Уште поважно, корелациите на ниво на испитаник покажуваат дека транспарентноста, отчетноста и партиципацијата се тесно поврзани меѓу себе (корелации од 0,53 до 0,70) и сите три се негативно поврзани со перципираниот ризик од корупција (околу −0,45). Тие функционираат како еден кохерентен конструкт на „добро управување“ во очите на граѓаните. Истиот образец се повторува кај бизнисите: транспарентноста и довербата се поврзани со 0,68, а

транспарентноста и перципираниот ризик со −0,56. Ова е емпириска основа за тоа управувачките столбови да се агрегираат во единствен управувачки скор (G) во индексот. Наодите за секој столб поединечно го потврдуваат неговото место во рамката:

- **Транспарентност.** Само 29% од граѓаните сметаат дека општината добро ги информира за планирањето и трошењето на средствата за еколошки и климатски проекти, 46% сметаат дека информира лошо, а 24% воопшто не можат да оценат. Кај бизнисите, 53,4% немаат доволно информации да ја оценат транспарентноста на распределбата на зелените средства. Мапирањето го потврдува тоа од институционална страна: нема наративни извештаи, а дел од проектите воопшто не се прикажани во буџетските извештаи.
- **Отчетност.** Најслабо оценетата компонента на управувањето е токму постоењето контрола и надзор врз трошењето – согласност од само 23%, со највисок удел на граѓани што не знаат да одговорат (34%). Надзорната функција за третина од граѓаните едноставно не постои како видлив процес. Мапирањето покажува зошто: ревизијата потврдува формална усогласеност, а препораките не се следат систематски.
- **Учество.** Индексот на партиципација (16,2) е најнискиот од сите шест. Во последните три години општината консултирала само 10% од граѓаните, а јавните расправи допираат до 16%. Кај бизнисите, 54,1% никогаш не биле консултирани, а уште 27,4% сметаат дека консултациите се само формални.
- **Интегритет.** Дека корупцијата и злоупотребата на јавни средства во општината се распространети сметаат 57% од граѓаните, наспроти 15% што мислат спротивното, а како најризична точка ги посочуваат јавните набавки и изборот на изведувачи (28%). Бизнисите ризикот најчесто го лоцираат во фазата на изведба – слаб квалитет, преплатени фактури и пробиени рокови (31,5%). Мапирањето идентификуваше конкретни можни шеми во секоја фаза: судир на интереси при избор на проекти, покровителство, насочување средства кон „видливи“ проекти, олеснителни плаќања, селективно известување и прикажување комунални расходи како климатски инвестиции (greenwashing).
- **Кохерентност.** Јазот меѓу амбициозните стратешки документи и реалната буџетска реализација е еден од трите клучни фактори на ранливост што ги идентификува мапирањето. Дополнително, на национално ниво сè уште нема донесено Национален план за адаптација, па усогласеноста мора да се мери спрема NDC, националните извештаи за климатски промени и интегрираниот национален план за енергија и клима.

Индексот на транспарентност истовремено е и индексот со најголем распон меѓу општините – 32,3 поени. Тоа значи дека квалитетот на управувањето е во голема мера прашање на локална институционална пракса, а не на национални услови. Затоа мерењето мора да се спроведува токму на ниво на општина.

3. Перцепцијата не е доказ – зошто индексот се заснова на документирани и проверливи индикатори

Еден од најважните методолошки наоди од истражувањето е дека перцепцијата за корупција е единствениот показател што практично не се разликува меѓу информираните и неинформираните граѓани – 57% наспроти 58%. Таа функционира како општо очекување кон јавните институции, а не како заклучок изведен од познавање на конкретни проекти. Слично, кај бизнисите свесноста речиси воопшто не е поврзана со перципираниот ризик (−0,13), а одговорите се под влијание на зависноста од општината (одобренија, инспекции, идни набавки). Затоа 44,5% од фирмите што одговориле „нема никаков ризик“ треба да се читаат како мерка на неизвесност и претпазливост, а не на интегритет.

Оттука произлегува клучен избор во дизајнот на CFGI: индикаторите не се засноваат на мислења, туку на документи и административни податоци кои може да се проверат – буџети и завршни сметки, стратешки документи, извештаи до Советот, ревизорски извештаи и нивните препораки, записници од јавни консултации, интерни акти. Ваквите индикатори може да ги оцени обучен граѓански монитор во соработка со општината, а резултатот може да се провери и повтори. Анкетите на граѓани и бизниси остануваат важен комплементарен слој – за почетна состојба, за валидација и за мерење на промената во втор бран – но не се основа на самиот индекс.

4. Надзорот постои формално, но не е видлив – зошто граѓански мониторинг преку локалните граѓански организации

Истражувањето покажува дека граѓаните не се апатични, туку дека не гледаат институционална противтежа. Само 29% би пријавиле сериозна неправилност, а 61% не би пријавиле воопшто. Главната пречка не е стравот од последици (8%), туку неверувањето дека институциите воопшто ќе постапат (29%). Двете институции чија основна функција е надзор врз јавните средства – ДКСК и ДЗР – уживаат доверба кај само 22% и 23% од граѓаните, а 14% и 20% не се ни доволно запознаени со нивната работа (наспроти 4% кај централната и локалната власт). Механизмите на отчетност постојат како формална рамка, но не и како искуство на граѓанинот.

Мапирањето ја потврдува истата празнина од институционална страна: граѓанскиот сектор е ограничено активен во следењето на климатските расходи, ДЗР не врши годишна ревизија на секоја општина, а внатрешната ревизија и Советите немаат унифицирана методологија за да оценат дали потрошените средства дале „вредност за парите“ во однос на климатската отпорност. Затоа рамката предвидува локалните граѓански организации, со обука и менторство од ЦЕА, да го применуваат истиот стандардизиран инструмент во сите општини. Нивната улога не е да ги заменат формалните контролни тела, туку да создадат редовен, видлив и споредлив слој на надзор таму каде што формалниот не стигнува.

Изборот на граѓанските организации како носители е поддржан и со податоците за доверба и интерес. Граѓанските и невладините организации уживаат доверба кај 28% од граѓаните, повеќе од двете надзорни институции. Интерес за идно

вклучување изразуваат 25% од граѓаните, а најпосакувана форма е добивањето информации за резултатите (19%). Тоа е директна основа за јавната дигитална семафор-табла, која ги прикажува резултатите на разбирлив начин. Кај оние што биле консултирани, 75% сметаат дека нивните предлози биле земени предвид во голема мера или донекаде, што покажува дека проблемот е во обемот на учеството, а не во неговата смисла.

5. Нееднаков пристап – зошто инклузивноста и ранливите групи се вградени во индикаторите

Податоците покажуваат дека постојните канали на информирање и учество ја продлабочуваат нееднаквоста наместо да ја намалуваат. Информираноста за климатското финансирање изнесува 20% кај граѓаните со основно образование, а 78% кај оние со високо; 35% кај граѓаните над 65 години, а 72% кај групата од 30 до 49 години. Јазот меѓу градските и руралните средини е доследен низ сите шест индекси. Јавните расправи допираат до 22% од високообразованите, но само до 9% од оние со основно образование, и до 20% во градските, наспроти 12% во руралните средини.

Истиот образец постои и кај бизнисите. Индексот на свесност изнесува 44,3 кај микропретпријатијата, а 89,9 кај средните, а 80,1% од фирмите никогаш не учествувале на општински тендер за инфраструктура, енергетска ефикасност или животна средина. Ова е причината зошто рамката, во согласност со принципот на праведна транзиција и „никој да не биде изоставен“, вклучува посебен индикатор за вклучување на ранливи групи во фазата на планирање и бара учеството да се мери според опфатот, а не само според бројот на формално одржани консултации.

6. Зошто композитен индекс, унифицирана скала 1–5 и предложените тежини

Композитен индекс. Искуството со композитните индекси во истражувањето покажа дека еден споредлив број е полесен за комуникација со општините отколку десетици поединечни проценти, овозможува следење низ време и ја намалува тежината на случајна варијација кај поединечни прашања. Истовремено, деветте општини покажаа најмалку четири различни профили – од општини каде високата свесност е проследена со посилна перцепција за управувањето, до општини со солидна свесност, но најслаба транспарентност и највисок перципиран ризик. Затоа CFGI се прикажува не само како вкупен скор, туку и со подскорови по фаза и по столб, за секоја општина да може да се идентификува конкретната слаба точка.

Скала 1–5. PEFA климатската рамка е соодветна за почетна проценка, но на локално ниво речиси сите оценки се D, па таа не прави разлика меѓу општините и тешко ќе забележи мал, но реален напредок. Унифицираната скала од 1 (не постои систем) до 5 (усогласено со меѓународни стандарди), со меѓучекори „ад-хок“ и „делумно развиено“, овозможува да се регистрираат токму првите чекори кои мапирањето ги препорачува како брзи мерки. CFGI така служи како годишно мерење меѓу почетната и завршната PEFA оценка и меѓу двата брана на анкетата.

Тежини. Планирањето и испораката добиваат најголема тежина (по 20%) затоа што таму мапирањето ги идентификува најголемите празнини – јазот меѓу стратегиите и буџетите, отстапувањата во извршувањето и пренамените со ребаланс – и затоа што таму граѓаните (јавни набавки, 28%) и бизнисите (фаза на изведба, 31,5%; кај понудувачите што не биле избрани дури 42,1%) го лоцираат најголемиот ризик. Пристапот до средства и следењето (по 15%) се поддржувачки функции: пристапот делумно зависи од фактори надвор од контрола на општината (централна власт, донатори), а следењето делумно се преклопува со управувачките столбови транспарентност и отчетност, па помалата тежина го намалува двојното бодирање. Петте управувачки столба добиваат еднаква тежина (по 6%, вкупно 30%), бидејќи податоците покажуваат дека тие се движат заедно и нема емпириска основа еден да се претпостави над другите.

7. Од мапата на ризици кон рано предупредување – врската со антикорупциската цел на проектот

Проценката на корупциските ризици во мапирањето е структурирана по фазите на буџетскиот циклус (подготовка, извршување, известување и внатрешна ревизија, надзор и надворешна ревизија) и ги класифицира факторите на ризик на надворешни, внатрешни, индивидуални и процесни. CFGI ја следи истата логика, така што секој идентификуван ризик има барем еден индикатор кој може да го сигнализира пред да прерасне во неправилност: климатското означување на буџетот го ограничува greenwashing-от и пренамената; наративното известување и јавното објавување на извештаите го ограничуваат селективното известување; диверзификацијата на изворите ја сигнализира донаторската зависност; буџетското извршување и навремената имплементација ги сигнализираат пренамените и ребалансите; имплементацијата на ревизорските препораки го адресира структурниот ризик од неказнивост.

Рамката е поврзана и со брзите мерки кои мапирањето ги предлага на општините – климатско означување во програмите за животна средина и урбанизам, стандардизиран наративен извештај до Советот, „зелен буџет за граѓани“, правило за наменско трошење на еколошките такси и чек-листа за зелени јавни набавки. Секоја од нив има соодветен индикатор во CFGI, со што напорите на општините стануваат мерливи и видливи. Истото важи и за препораката од истражувањето дека објавувањето на трошоците и резултатите по завршен проект е најевтината мерка со најголем потенцијален ефект – согласноста дека општината тоа го прави е 28%, наспроти 32% за најавувањето информации, што покажува дека комуникацијата слабее токму таму каде што отчетноста станува проверлива.

Табела 1а Клучни наоди од претходните анализи и одговорот во предложената рамка

Клучен наод	Извор	Одговор во рамката / CFGI
Нема означување и следење на климатските расходи (PEFA CRPFM-2: D во сите општини)	Мапирање	Индикатор „Интеграција во буџет“ (климатско означување); МИВ систем

Клучен наод	Извор	Одговор во рамката / CFGI
Слаба врска стратегии–буџет; застарен или непостоечки ЛЕАП (CRPFM-1: D во 7 од 9)	Мапирање	Фаза Планирање (20%); столб Кохерентност
Висока зависност од дотации и донатори; проекти надвор од општинскиот буџет	Мапирање	Фаза Пристап до средства; индикатор „Диверзификација на извори“
Отстапувања во извршувањето, чести ребаланси и пренамени	Мапирање	Фаза Испорака (20%); буџетско извршување и навремена имплементација
Извештаи до Советот без наратив; ревизија само за усогласеност	Мапирање	Фаза Следење; транспарентност на извештаи; имплементација на препораки
Само 29% сметаат дека општината добро информира; 24% не можат да оценат	Анкета – граѓани	Столб Транспарентност; јавна семафор-табла
Контрола и надзор: согласност 23%, „не знам“ 34%	Анкета – граѓани	Столб Отчетност; граѓански мониторинг преку ГО
Консултирани само 10% од граѓаните; 54,1% од фирмите никогаш	Анкети – граѓани и бизниси	Столб Учество; индикатор за јавни консултации
57% перципираат распространета корупција; ризик во набавки (28%) и изведба (31,5%)	Анкети – граѓани и бизниси	Столб Интегритет; рано предупредување по фази
Перцепцијата не се менува со информираноста (57% наспроти 58%)	Анкета – граѓани	Индикатори засновани на документи, не на перцепции
TI, ACI и PI корелираат 0,53–0,70 и негативно со ризикот	Индекси – граѓани	Еден управувачки скор G со еднакви тежини
Големи јазови по образование, возраст, рурално/урбано и големина на фирма	Анкети – граѓани и бизниси	Индикатор за вклучување на ранливи групи; опфат на учеството

Ограничувања и прашања за валидирачката сесија

Образложението има и свои граници кои треба да се имаат предвид. Анкетата на граѓани е репрезентативна за деветте општини, но не и за целата земја, а општинските вредности имаат маргина на грешка од околу ±8 до ±10 процентни поени и се дијагностички профили, а не прецизна ранг-листа. Анкетата со бизниси е самоселектирана и не е репрезентативна. PEFA оценките на локално ниво се експертски проценки, бидејќи на национално ниво сè уште не постои формална методологија за климатско буџетирање. Затоа и резултатите од CFGI треба да се користат првенствено за следење на напредокот на секоја општина и за дијалог со неа, а рангирањето да се користи внимателно.

Од валидирачката сесија особено се очекуваат ставови на чинителите за: (1) дали предложените тежини соодветно ги одразуваат приоритетите; (2) дали изворите на податоци за секој индикатор се реално достапни во општините; (3) каква треба да биде улогата на општината во оценувањето, со оглед на тоа што оценката ја подготвуваат граѓанските организации во соработка со неа; и (4) кои индикатори треба да се поедностават или прилагодат пред пилотирањето.

Наоди од валидацискатa работилница (28 октомври 2026)

Рамката беше валидирана на онлајн работилница со претставници од осум пилот-општини и четири граѓански организации. Учесниците оценија дека индикаторите се јасни и применливи, дека скалата 1–5 е соодветна (пократка

скала би ги изгубила разликите меѓу општините) и дека моделот може да им служи на општините и по завршувањето на проектот, за самооценка и поставување цели. За предложените тежини немаше забелешки. Изводливоста во голема мера зависи од подготвеноста на општините да ги споделат постоечките податоци; од нив не се бараат дополнителни ресурси, а релевантните буџетски ставки ги утврдуваат граѓанската организација и општината заедно.

Извори на финансирање. Се задржува броењето на видовите извори, бидејќи климатските расходи најверојатно се под 10% од општинските буџети и уделот не би ги разликувал општините. Видот (општински, национален, меѓународен) и износот се бележат дополнително, без бодирање, а кофинансирање на општината под 20% се третира како целосно донаторско финансирање.

Опфат на климатските расходи. Не се гледаат само програмите со „климатски“ наслов, но се внимава да се избегне greenwashing. Основот на финансирањето одлучува: инвестиција како соларни панели во училишта се смета за климатска ако е финансирана од програма за климатско прилагодување или ако недвосмислено заменува фосилна енергија. Индикаторот за одделение се проширува со формално определено одговорно лице.

Временски опфат и фреквенција. Мерењето е ограничено на еден буџетски циклус, во согласност со траењето на поддршката за граѓанските организации: 2026 е основна година, а 2027 година за следење на напредокот. Фреквенцијата е усогласена со буџетскиот календар на општините (види „Систем за известување“).

Обратна кохерентност. Учесниците укажаа дека националните програми често се донесуваат по општинските и не ги земаат предвид локалните приоритети. Прашањето е надвор од опфатот на индексот, но ќе се разгледа во финалната анализа.

Развој на индикатори за компонентите на финансирање и критериумите за управување

Имајќи ја во предвид анализата од погоре, воспоставуваме можен сет на индикатори кои ќе овозможат ефикасно следење и евалуација на управувањето со климатските финансии во општините, со акцент на адаптација кон климатските промени. Овие индикатори се групираат по **четири функционални компоненти на финансирање** и **пет столбови на добро управување**, кои обезбедуваат транспарентност, отчетност и инклузивност на процесот.

Четири основни функционални компоненти на финансирање

1. **Планирање**. Планирањето ја поставува основата за стратешко управување со ресурсите за адаптација. Тоа вклучува анализа на ризиците, идентификација на приоритети и поставување на конкретни цели за адаптација. Добро планирање овозможува ефективно и рационално користење на средствата и ги поврзува националните стратегии со локалните потреби.

   Индикатори за планирање:
   - Процент на финансиски средства за адаптација кои се усогласени со Националниот адаптациски план (NAP).
   - Број на секторски или локални адаптациски планови усогласени со националната стратегија.
   - Процент на приоритетни активности за ранливи групи вклучени во плановите.
   - Време потребно за усвојување на стратешки планови од донаторите и националните органи.

2. **Пристап до средства**. Оваа компонента ги опфаќа механизмите за добивање на финансии, вклучувајќи аплицирање, одобрување и акредитација на институции. Ефективниот пристап обезбедува дека средствата се распределуваат фер, транспарентно и навремено, без пречки за локалните и националните актери.

   Индикатори за пристап:
   - Број на акредитирани национални и локални институции за директен пристап до финансии (AF, GCF).
   - Времетраење на процесот за одобрување на проекти.
   - Процент на апликанти кои добиле финансии според одобрените критериуми.
   - Ниво на учество на различни засегнати страни во процесот на распределба.

3. **Испорака**. Испораката се однесува на имплементација на проектите и активности финансирани за адаптација. Вклучува координација меѓу актери, навремено искористување на средствата и мерење на остварените резултати. Ефективната испорака обезбедува дека

инвестициите навистина го подобруваат капацитетот за адаптација на заедниците.

Индикатори за испорака:
- Процент на финансирани проекти кои завршиле во рок и во рамките на буџетот.
- Процент на постигнати индикатори за влијание (impact indicators) на проектите.
- Број на координирани активности меѓу национални и локални институции.
- Ниво на задоволство на локални заедници од реализираните активности.

4. **Следење**. Следењето обезбедува континуирана евалуација на напредокот и резултатите, со цел прилагодување на стратегиите и подобрување на ефективноста. Систематското следење создава транспарентност и ја зајакнува отчетноста на институциите.

   Индикатори за следење:
   - Број на редовни извештаи за напредок на национално и локално ниво.
   - Процент на проекти кои користат МИВ системи (Мониторинг, Известување и Верификација).
   - Број на препораки од евалуации кои се имплементирани.
   - Квалитет на достапните податоци за јавноста и донаторите.

Пет столбови на добро управување

1. **Транспарентност**. Транспарентноста овозможува јавен увид во распределбата и користењето на финансиските средства, како и во процесот на донесување одлуки.

   Индикатори за транспарентност:
   - Јавна достапност на финансиските извештаи и резултати од проектите.
   - Ниво на известување кон засегнати страни и граѓански организации.
   - Колку често се ажурираат јавните регистри за климатски финансии.

2. **Отчетност**. Отчетноста ги обврзува институциите да бидат одговорни за резултатите и употребата на средствата.

   Индикатори за отчетност:
   - Број на ревизии и надзорни извештаи за проекти.
   - Процент на препораки од ревизии кои се спроведени.
   - Јасно дефинирани одговорности на национално и локално ниво.

3. **Учество**. Учеството на засегнатите страни е клучно за воспоставување на инклузивни и ефективни стратегии.

   Индикатори за учество:
   - Број на засегнати страни кои учествувале во планирање и распределба на средства.
   - Процент на локални заедници вклучени во процесите на донесување одлуки.
   - Квалитет на консултативни процеси (feedback mechanisms).
4. **Интегритет.** Интегритетот осигурува етичко и законско управување, спречувајќи корупција и злоупотреба на средства.

   Индикатори за интегритет:
   - Број на идентификувани случаи на злоупотреба и мерки преземени за нив.
   - Колку се применуваат процедури за проверка на тендери и договори.
   - Ниво на усогласеност со етички и законски стандарди.

5. **Кохерентност**. Кохерентноста осигурува усогласеност на политиките и стратегиите на национално и локално ниво со меѓународни стандарди.

   Индикатори за кохерентност:
   - Усогласеност на адаптациските планови со NAP и NDC.
   - Колку се интегрирани климатските цели во секторските политики.
   - Синхронизација помеѓу локални и национални активности и фондови.

Табела 2. Четирите функционални компоненти на финансии, петте столбови на управување во колони, со наведени конкретни индикатори

Финансиска компонента \ Управување	Транспарентност	Отчетност	Учество	Интегритет	Кохерентност
Планирање	Јавна достапност на стратешките и секторските планови; објавени приоритети и цели	Јасно дефинирани одговорности на ниво на институции; ревизија на плановите	Вклучување на засегнати страни при изработка на планови; јавни консултации	Усогласеност со етички и правни стандарди при подготовка на планови	Усогласеност на плановите со NAP/NDC и локални стратегии
Пристап до средства	Јавни информации за апликации, критериуми и процеси за одобрување	Процент на одобрени апликации и ревизија на одлуките	Учество на локални власти, граѓански организации и бизнис сектор во процесот на распределба	Применети процедури за проверка на апликации и тендери; спречување на конфликт на интереси	Усогласеност на процедурите со национални и меѓународни стандарди

Испорака	Објавени извештаи за имплементација и буџет	Процент на проекти завршени навреме и во рамките на буџет; ревизија на резултати	Вклученост на локални заедници во мониторинг и имплементација	Спроведување на етички стандарди и контрола на злоупотреби	Кохерентност помеѓу национални и локални активности и стратегии
Следење	Јавна достапност на извештаи, индикатори и резултати	MRV системи за редовно известување и верификација; имплементација на препораки	Вклучување на засегнати страни во процесот на следење; feedback механизми	Проверка на интегритет на податоците и процесите	Усогласеност на индикаторите со NAP/NDC и меѓународни стандарди

Оперативна рамка на индикатори за следење на финансирање за адаптација кон климатските промени

Во овој дел ја поставуваме оперативната рамка за следење на финансирање за адаптација кон климатските промени.

Структура на индикаторите

Секој индикатор треба да содржи:

- Име на индикатор
- Дефиниција
- Метод на пресметка
- Извор на податоци
- Фреквенција на мерење
- Скала за оценување (1–5)

Скала за оценување

Се воведува унифицирана скала:

- 1 – Многу слабо (не постои систем)
- 2 – Основно (ад-хок практики)
- 3 – Делумно развиено
- 4 – Добро воспоставено
- 5 – Напредно / целосно усогласено со меѓународни стандарди

Ова овозможува:

- креирање на индекс на перформанси
- рангирање на општини
- следење на напредок низ време

Клучни индикатори по компоненти

Компонента 1: ПЛАНИРАЊЕ

Индикатор 1: Усогласеност на буџетот со националните климатски документи

- Метод: (% буџет усогласен)
- Извор: Буџет, стратегии
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 2: Интеграција во буџетот (климатско означување)

- Метод: Квалитативна проценка
- Извор: Сектор за финансии
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 3: Вклучување на ранливи групи

- Метод: (% од проекти)
- Извор: Буџет, проекти
- Фреквенција: Годишно

Компонента 2: ПРИСТАП ДО СРЕДСТВА

Индикатор 4: Успешност на апликации

- Метод: (Одобрени/поднесени)*100
- Извор: Проектни апликации
- Фреквенција: По циклус

Индикатор 5: Диверзификација на извори на финансирање

- Метод: Броење извори
- Извор: Буџет, донатори
- Фреквенција: Годишно

Компонента 3: ИСПОРАКА

Индикатор 6: Буџетско извршување на климатски расходи

- Метод: Реализирани/планирани
- Извор: Финансиски извештаи
- Фреквенција: По циклус

Индикатор 7: Навремена имплементација

- Метод: (% проекти навреме)
- Извор: Проектни извештаи
- Фреквенција: По циклус

Индикатор 8: Квалитет на резултати

- Метод: (% исполнети индикатори)
- Извор: Евалуации
- Фреквенција: По циклус

Компонента 4: СЛЕДЕЊЕ

Индикатор 9: MIV/MRV систем (мониторинг, известување и верификација)

- Метод: Квалитативна проценка
- Извор: Интерни системи
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 10: Транспарентност на извештаите
- Метод: Да/Не + квалитет
- Извор: Веб-страница
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 11: Имплементација на ревизорски препораки
- Метод: (Спроведени/вкупно)
- Извор: Ревизии
- Фреквенција: Годишно или последна ревизија

Компонента 5: Индикатори за управување

Овие индикатори се применуваат **хоризонтално**:

Индикатор 12 (Транспарентност): Буџетска транспарентност
- Метод: (% достапни документи)
- Извор: Веб, буџет
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 13 (Отчетност): Отчетност кон Советот за климатските расходи
- Метод: Квалитативна проценка
- Извор: Записници од Советот
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 14 (Учество/партиципација): Јавни консултации
- Метод: Броење
- Извор: Записници
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 15 (Интегритет): Антикорупциски механизми
- Метод: Квалитативна проценка
- Извор: Интерни акти
- Фреквенција: Годишно

Индикатор 16 (Кохерентност): Кохерентност на политиките
- Метод: (% усогласени политики)
- Извор: Стратегии
- Фреквенција: Годишно

Деталната методологија за секој индикатор ќе биде разработена во посебен прирачник за граѓанските организации.

Дополнителни индикатори – климатска подготвеност (не влегуваат во CFGI, бинарна оценка 1/0):

- К1 Ажуриран ЛЕАП или климатска стратегија (да/не)
- К2 Постоечки климатски проекти (да/не)
- К3 Сектор/одделение или одговорно лице (да/не)

Интегриран индекс - Креирање на Индекс на управување со климатско финансирање (CFGI)

Формула (види Excel):

CFGI = (Планирање + Пристап + Испорака + Следење) / 4

- корективен фактор за управување (Governance score)

Ова овозможува:
- едноставно споредување
- носење на одлуки на ниво на политики
- донаторска отчетност

Институционална поставеност

Системот бара:
- Министерство за финансии → координација
- Министерство за животна средина → методологија
- Општини → внес на податоци
- Државен завод за ревизија → контрола

Систем за известување

Се воведуваат:
- **Квартални извештаи (оперативни)**
- **Годишни извештаи (стратешки)**
- **Јавена табла (транспарентност)**

Фреквенцијата на мерење е усогласена со буџетскиот циклус на единиците на локалната самоуправа. Индикаторите за планирање се ажурираат по усвојувањето на буџетот (до 31 декември), индикаторите за извршување и извори на финансирање по завршната сметка (Советот ја усвојува до 15 март, а до Министерството за финансии се доставува до 31 март), а индикаторите за транспарентност во секој круг. Ревизорските препораки се следат по годишниот извештај на внатрешната ревизија и по секоја нова ревизија на ДЗР, бидејќи ДЗР не ја ревидира секоја општина секоја година. Секој круг дава целосен индекс: кога за индикатор нема нов официјален документ, се пренесува оценката од претходниот круг и тоа се бележи. Основна година е 2026, а 2027 е година за следење на напредокот; предложени се три круга – јануари 2027, јули 2027 и јануари 2028.

Предлог индикатори и CFGI индекс за систем за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво

Матрица на индикатори за систем за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво.

Фаза / Индикатор	Индикатор	Дефиниција	Метод на пресметка	Извор на податоци	Фреквенција	Оценување (1–5)
ПЛАНИРАЊЕ	Усогласеност на буџетот со националните климатски документи	Степен на усогласеност со националните документи	% буџет усогласен	Буџет, стратегии	Годишно	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
	Интеграција во буџетот (климатско означување)	Климатско означување на буџетот	Квалитативна проценка	Сектор за финансии	Годишно	1=нема 2=ад-хок 3=делумно 4=структурирано 5=целосно
	Вклучување на ранливи групи	% проекти со ранливи групи	% од проекти	Буџет, проекти	Годишно	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
ПРИСТАП ДО СРЕДСТВА	Успешност на апликации	% одобрени апликации	(Одобрени/поднесени)*100	Проектни апликации	По циклус	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
	Диверзификација на извори на финансирање	Број извори и нотирани извори и обем	Броење извори	Буџет, донатори	Годишно	1=1 извор 2=2 3=3 4=4 5=≥5
ИСПОРАКА	Буџетско извршување на климатски расходи	% реализација	Реализирани/планирани	Финансиски извештаи	По циклус	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
	Навремена имплементација	% во рок	% проекти навреме	Проектни извештаи	По циклус	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%

Фаза / Индикатор	Индикатор	Дефиниција	Метод на пресметка	Извор на податоци	Фреквенција	Оценување (1–5)
	Квалитет на резултати	% постигнати резултати	(% исполнети индикатори)	Евалуации	По циклус	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
СЛЕДЕЊЕ	MIV/MRV систем (мониторинг, известување и верификација)	Функционалност	Квалитативна проценка	Интерни системи	Годишно	1=нема 2=ад-хок 3=делумен 4=функционален 5=напреден
	Транспарентност на извештаите	Јавно објавени извештаи	Да/Не + квалитет	Веб-страница	Годишно	1=нема 2=ограничени 3=делумни 4=редовни 5=целосни
	Имплементација на ревизорски препораки	% спроведени	(Спроведени/вкупно)	Ревизии	Годишно или последна ревизија	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
ТРАНСПАРЕНТНОСТ	Буџетска транспарентност	% објавени податоци	(% достапни документи)	Веб, буџет	Годишно	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%
ОТЧЕТНОСТ	Отчетност кон Советот за климатските расходи	Известување до Советот	Квалитативна проценка	Записници од Советот	Годишно	1=нема 2=табеларни 3=годишен со дел за ЖС 4=наративен, разгледан 5=следење на заклучоците
УЧЕСТВО/ПАРТИЦИПАЦИЈА	Јавни консултации	Број консултации	Броење	Записници	Годишно	1=0 2=1 3=2–3 4=4–5 5=≥6

Фаза / Индикатор	Индикатор	Дефиниција	Метод на пресметка	Извор на податоци	Фреквенција	Оценување (1–5)
ИНТЕГРИТЕТ	Антикорупциски механизми	Постоење	Квалитативна проценка	Интерни акти	Годишно	1=нема 2=ад-хок 3=формални 4=функционални 5=целосен систем
КОХЕРЕНТНОСТ	Кохерентност на политиките	% усогласеност	(% усогласени политики)	Стратегии	Годишно	1:<20% 2:20–39% 3:40–59% 4:60–79% 5:≥80%

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНДИКАТОРИ – КЛИМАТСКА ПОДГОТВЕНОСТ (не влегуваат во CFGI)						
Климатска подготвеност 1	Ажуриран ЛЕАП или климатска стратегија	Постоење	Да/Не	Документи	Годишно	1 = да, 0 = не
Климатска подготвеност 2	Постоечки климатски проекти	Постоење	Да/Не	Документи	Годишно	1 = да, 0 = не
Климатска подготвеност 3	Сектор/одделение или одговорно лице	Постоење	Да/Не	Документи	Годишно	1 = да, 0 = не

Легенда на унифицирана скала. Експертска оценка на граѓанските организации во соработка со општината која се монитора:

- 1 – Многу слабо (не постои систем)
- 2 – Основно (ад-хок практики)
- 3 – Делумно развиено
- 4 – Добро воспоставено
- 5 – Напредно / целосно усогласено со меѓународни стандарди

Индекс за управување со климатското финансирање - CFGI[17]

Логиката на креирањето композитниот индекс е да биде составен од два дела и тоа клучните фази од циклусот на финансирање на активностите и проектите поврзани со управувањето до климатските промени како и од неопходни управувачки димензии кои претставуваат хоризонтални елементи.

Индексот агрегира 4 клучни фази од циклусот на климатско финансирање:
1. Планирање
2. Пристап до средства
3. Испорака
4. Следење

и 5 хоризонтални - управувачки димензии:
1. Транспарентност
2. Отчетност
3. Учествување
4. Интегритет
5. Кохерентност

Предложените тежини на индексот се:

А. Главни фази (70% од индексот)

Фаза	Тежина
Планирање	20%
Пристап до средства	15%
Испорака	20%
Следење	15%
Вкупно	**70%**

- Планирање + Испорака = најкритични (по 20%)
- Пристап + Следење = поддржувачки функции (по 15%)

В. Управувачки димензии (30%)

Димензија	Тежина
Транспарентност	6%
Отчетност	6%
Учествување	6%
Интегритет	6%
Кохерентност	6%
Вкупно	**30%**

Балансирана рамка на интегритет која вклучува анти-корупција + демократија

Пресметка на подиндекси

За секоја фаза:
Фаза скор = аритметички просек од индикаторите во фазата (1–5)

[17] Climate Financing Governance Index

Пример:

- планирање = (И1 + И2 + И3) / 3
- пристап = (И4 + И5) / 2
- испорака = (И6 + И7 + И8) / 3
- следење = (И9 + И10 + И11) / 3

ФИНАЛНА ФОРМУЛА

CFGI се пресметува вака:

$$CFGI=0.20P+0.15A+0.20D+0.15M+0.30G$$

каде:

- P = Planning score / Планирање
- A = Access score / Пристап
- D = Delivering score / Испорака
- M = Monitoring score / Следење
- G = Governance score (просек од 5 димензии) / Управување

Индекс на управување:

$$G=(T+AC+PA+IN+CO)/5$$

каде:

- T = Транспарентност
- AC = Отчетност
- PA = Учествување
- IN = Интегритет
- CO = Кохерентност

СКАЛА ЗА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

CFGI	Опис
1.0 – 1.9	Многу слаб систем (висок ризик)
2.0 – 2.9	Основен / ран развој
3.0 – 3.9	Функционален, но со слабости
4.0 – 4.4	Добро воспоставен систем
4.5 – 5.0	Напреден / добра пракса

КЛУЧНИ ПРЕДНОСТИ НА ОВОЈ ИНДЕКС

Овој индекс:

- овозможува **рангирање на општини**
- идентификува **ризици од корупција**
- мери **ефективност на климатско финансирање**
- е **реплицирачки и скалабилен**

CFGI индекс за мониторинг на климатско финансирање на локално ниво како рано предупредување од ризици од корупција

Овој индекс овозможува и рано предупредување од ризици од корупција. Објаснувањето по фази од буџетскиот циклус е дадено подолу.

Фаза	Што мери	Клучни компоненти	Ризици што ги фаќа	Поврзани индикатори
1. Подготовка – Стратешка усогласеност и интегритет на селекција	Дали изборот на климатски проекти е базиран на формални, транспарентни и стратешки критериуми	- Ажуриран ЛЕАП / стратегии - Формализирани критериуми - Поврзаност буџет–стратегија - Климатско означување	- Судир на интереси - Покровителство - Политичка корупција	- Усогласеност со NAP - Усогласеност со NDC - Интеграција во буџет - Вклучување на ранливи групи - Јавни консултации
2. Подготовка / Извршување – Зависност од надворешно финансирање	Колкав дел од климатските инвестиции зависат од донатори или централна власт	- % донаторско финансирање - Предвидливост - Буџетска интеграција	- Донаторска пристрасност – Ад-хок планирање - Фаворизирање	- Успешност на апликации - Диверзификација на извори
3. Извршување – Интегритет на јавни набавки	Колку процесот на трошење е отпорен на корупција и дали има зелени критериуми	- Зелени критериуми - Контроли на квалитет - Критериум најниска цена	- Мито - Олеснителни плаќања - Фаворизирање	- Антикорупциски механизми
4. Извршување – Реализација и буџетска дисциплина	Колку планираните средства се реализираат и дали има пренамени	- % реализација - Ребаланси - Пренамени	- Манипулации - Политичко пренасочување - Неефикасност	- Буџетско извршување - Навремена имплементација - Квалитет на резултати
5. Известување – Транспарентност и отчетност	Дали јавноста има увид во климатските расходи и резултати	- Наративни извештаи - Климатско означување - Покриеност на донаторски проекти	- Манипулација со податоци - Селективно известување - Greenwashing	- MRV/МИВ систем - Транспарентност на извештаи - Буџетска транспарентност
6. Надзор и ревизија – Ефективност на контролните механизми	Дали системот открива и санкционира неправилности	- Внатрешна ревизија - Performance audit - Следење препораки - Улога на Совет/граѓани	- Неказнивост - Пасивно мито - Формален надзор	- Имплементација на препораки

Листа на референци

Николов, М., Гарванлиева Андонова, В., Петровска, А. М., Јандревска, М., & Митевски, И. (2026). *Мапирање на тековните практики на локално ниво: Климатските финансии кај избрани општини. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2026/06/activity_1_2_summary_report_public_04062026-mk.pdf*. Центар за економски анализи.

Центар за економски анализи. (2026а). *Анализа на прашалник за локалните бизниси: Познавање, зелена инвестициска подготвеност, транспарентност на општинските зелени набавки, ризик од корупција, доверба и партиципација*. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2026/09/3.-cea_narative_composite_indexes_businesses_cf_cea_8092026.pdf

Центар за економски анализи. (2026в). *Климатско финансирање на локално ниво: Информираност, транспарентност и подготвеност за граѓански надзор – Истражување на јавното мислење во девет општини*. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2026/09/1.-cea_osnoven_narativen_climate-financing_citizens_cea_cf_15092026.pdf

Центар за економски анализи. (2026г). *Композитни индекси за климатско финансирање на локално ниво: Свесност, транспарентност, отчетност, партиципација, интегритет и доверба* https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2026/09/2.-cea_narative_compositeindexes_citizens-ai_ti_aci_pi_cri_tri-cea-14092026.pdf

Adaptation Fund. (n.d.-a). *Adaptation Fund*. https://www.adaptation-fund.org/

Adaptation Fund. (n.d.-b). *Balkan climate adaptation futures: A regional innovation initiative for resilience*. https://www.adaptation-fund.org/project/balkan-climate-adaptation-futures-a-regional-innovation-initiative-for-resilience/

Bednar-Friedl, B., Biesbroek, R., Schmidt, D. N., Alexander, P., Børsheim, K. Y., Carnicer, J., Georgopoulou, E., Haasnoot, M., Le Cozannet, G., Lionello, P., Lipka, O., Möllmann, C., Muccione, V., Mustonen, T., Piepenburg, D., & Whitmarsh, L. (2022). Europe. In H.-O. Pörtner, D. C. Roberts, M. Tignor, E. S. Poloczanska, K. Mintenbeck, A. Alegría, M. Craig, S. Langsdorf, S. Löschke, V. Möller, A. Okem, & B. Rama (Eds.), *Climate change 2022: Impacts, adaptation and vulnerability. Contribution of Working Group II to the Sixth Assessment Report of the Intergovernmental Panel on Climate Change* (pp. 1817–1927). Cambridge University Press. https://doi.org/10.1017/9781009325844.015

European Commission. (n.d.). *Reform and Growth Facility for the Western Balkans – Performance*. https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/eu-budget/performance-and-reporting/programme-performance-statements/reform-and-growth-facility-western-balkans_en

European Commission. (2019). *The European Green Deal* (COM(2019) 640 final). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52019DC0640

European Commission. (2020). *Sustainable Europe investment plan: European Green Deal investment plan* (COM(2020) 21 final). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52020DC0021

Global Facility for Disaster Reduction and Recovery. (n.d.). *GFDRR*. https://www.gfdrr.org/en

Government of the Republic of North Macedonia. (2021). *Enhanced nationally determined contribution*. UNFCCC. https://unfccc.int/sites/default/files/NDC/2022-06/Macedonian%20enhanced%20NDC%20%28002%29.pdf

Government of the Republic of North Macedonia. (2022). *National energy and climate plan of the Republic of North Macedonia*.

Green Climate Fund. (n.d.-a). *Countries*. https://www.greenclimate.fund/countries

Green Climate Fund. (n.d.-b). *Governance*. https://www.greenclimate.fund/about/governance

Hood, C. (1991). A public management for all seasons? *Public Administration, 69*(1), 3–19. https://doi.org/10.1111/j.1467-9299.1991.tb00779.x

Kato, T., Ellis, J., & Clapp, C. (2014). *The role of the 2015 agreement in mobilising climate finance* (OECD/IEA Climate Change Expert Group Papers, No. 2014/7). OECD Publishing. https://doi.org/10.1787/5js03h9ztlbr-en

Klitgaard, R. (1988). *Controlling corruption*. University of California Press.

Ministry of Economy of the Republic of North Macedonia. (2019). *Strategy for energy development of the Republic of North Macedonia until 2040*.

Ministry of Environment and Physical Planning of the Republic of North Macedonia. (2021). *Long-term strategy on climate action and action plan*.

Ministry of Environment and Physical Planning of the Republic of North Macedonia. (2023). *Fourth national communication on climate change*. UNFCCC.

New, M., Reckien, D., Viner, D., Adler, C., Cheong, S.-M., Conde, C., Constable, A., Coughlan de Perez, E., Lammel, A., Mechler, R., Orlove, B., & Solecki, W. (2022). Decision-making options for managing risk. In H.-O. Pörtner, D. C. Roberts, M. Tignor, E. S. Poloczanska, K. Mintenbeck, A. Alegría, M. Craig, S. Langsdorf, S. Löschke, V. Möller, A. Okem, & B. Rama (Eds.), *Climate change 2022: Impacts, adaptation and vulnerability. Contribution of Working Group II to the Sixth Assessment Report of the Intergovernmental Panel on Climate Change* (pp. 2539–2654). Cambridge University Press. https://doi.org/10.1017/9781009325844.026

OECD. (2014). *Recommendation of the Council on effective public investment across levels of government* (OECD/LEGAL/0402). https://legalinstruments.oecd.org/en/instruments/OECD-LEGAL-0402

OECD. (2019). *Recommendation of the Council on policy coherence for sustainable development* (OECD/LEGAL/0381). https://legalinstruments.oecd.org/en/instruments/OECD-LEGAL-0381

PEFA Secretariat. (2024). *Supplementary framework for assessing climate responsive public financial management (PEFA Climate)*. https://www.pefa.org/resources/supplementary-framework-assessing-climate-responsive-public-financial-management

United Nations. (2015). *Paris Agreement*. United Nations Framework Convention on Climate Change. https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf

United Nations Development Programme. (n.d.-b). *Improving resilience in the Republic of North Macedonia by integrating adaptation into planning processes*. https://www.adaptation-undp.org/projects/improving-resilience-republic-north-macedonia-integrating-adaptation-planning-processes

United Nations Development Programme. (1997). *Governance for sustainable human development: A UNDP policy document*. UNDP.

United Nations Global Compact. (2013). *A guide for anti-corruption risk assessment*. https://d306pr3pise04h.cloudfront.net/docs/issues_doc%2FAnti-Corruption%2FRiskAssessmentGuide.pdf

World Bank. (1992). *Governance and development*. World Bank.

World Bank. (2024). *Western Balkans 6 country climate and development report*. World Bank Group. https://www.worldbank.org/en/region/eca/publication/western-balkans-6-ccdr